Centre for European Security Studies

6. краток документ за јавна политика на ЦЕБС,
февруари 2022 г.




Image: ©Shutterstock

POLICY BRIEF

# Сузбивање дезинформации во Северна Македонија: како Собранието да одговори на предизвикот?

# Сузбивање дезинформации во Северна Македонија: како Собранието да одговори на предизвикот?

**Марко Панковски и Влора Речица**

Кампањите со дезинформации сè почесто ѝ се закануваат на демократијата на светско ниво. Со пандемијата на Ковид-19 уште повеќе се зголеми заканата, зашто дезинформациите и манипулациите со јавното мислење навлегуваат во полето на јавното здравје. Во Северна Македонија, заложбите за адресирање на дезинформациите се ограничени на неколку иницијативи со политики што ги води Владата, како и неформалните иницијативи на локалните и на меѓународните невладини чинители, додека Собранието и поширокото општество се многу малку вклучени.

Собранието во Северна Македонија во моментов има крајно ограничена улога во поглед на сузбивање дезинформации, а на оваа тема никогаш не е дебатирано во самото Собрание. Собранието е одговорно да бара отчетност од релевантните институции со тоа што ги остварува законодавните овластувања, го користи потенцијалот за меѓународна соработка и ја подига свесноста за негативните последици од дезинформациите, со што прашањето го поставува на национално ниво. Од суштинско значење е Собранието да заземе проактивен став за да го ограничи ширењето дезинформации.

**Клучни точки:**

- Дезинформациите претставуваат сериозен предизвик за Северна Македонија што навлегува во сите пори на политиката и општеството, па дури и во јавното здравје.
- Собранието речиси и да не е вклучено во заложбите на земјата да се бори со дезинформациите, бидејќи ваквите процеси главно се адресираат преку владини стратегии и акциски планови, како и преку медиумите и граѓанското општество.
- Собранието треба да оформи меѓупартиска работна група за дезинформации, која ќе биде одговорна за мапирање на институциите и законодавството поврзани со справувањето со дезинформациите, а и ќе обезбеди поддршка за релевантните собраниски комисии.

Иако Собранието, највисокиот претставнички орган и законодавен дом во државата, има помала можност да влијае врз авторите на содржини со дезинформации, сепак може да реагира на факторите што ги овозможуваат дезинформациите, како и на чинителите што ги шират нив. Имајќи предвид дека кампањите со дезинформации не се појавуваат во вакуум, со овој труд се анализира структурниот и институционалниот начин на кој земјата реагира на дезинформациите, при што фокусот е на улогата на Собранието. Со овој труд се фокусираме на улогата на Собранието во развојот и надзорот на политиките и механизмите за борба против дезинформациите, кој во Собранието е одговорен за да постапи по заканите од дезинформации, како и на кое ниво е вклучено Собранието во сузбивањето дезинформации. Освен Собранието, со овој труд, исто така, накратко се испитува влијанието на надворешните процеси во овој контекст, како членството на земјата во НАТО и нејзините амбиции за влегување во ЕУ.

Најпрво, во текстот е даден краток преглед на контекстот на дезинформациите во Северна Македонија. Потоа е понуден увид во улогите на Собранието, Владата и медиумите во борбата против дезинформациите. Конечно, понудени се начини со кои ќе се унапреди улогата и придонесот на Собранието во сузбивањето дезинформации. Истражувањето се потпира на собирање и анализа на секундарни податоци преку преглед на литература, законодавство и меѓународни норми и практики, како и на примарни податоци, како што се интервјуа со релевантните засегнати страни од медиумите, Владата и останати државни институции. За да се направи емпириска проценка на релевантноста на претставените прашања во истражувањето ги употребивме и секундарните и примарните истражувачки податоци.

## Дезинформациите во Северна Македонија

Во 2016 г., Северна Македонија се појави на светските вести како извор на лажни вести што влијаеа врз американските гласачи на претседателските избори во САД во 2016 г. Голем дел од виралните постови со дезинформации поврзани со изборите во САД потекнуваа од Велес, што привлече внимание дури по победата на поранешниот претседател на САД, Доналд Трамп. Како што се зголемуваше загриженоста за негативните влијанија од дезинформациите, социјалните платформи како „Фејсбук“ и „Твитер“ отстранија стотици лажни сметки на социјалните медиуми што ги користеа оператори од Северна Македонија, а „Гугл“ ги суспендира рекламите од таквите веб-страници. Меѓутоа, во 2020 г., веќе се изнајдоа нови начини и алтернативни платформи да се шират дезинформации, како на пример „Парлер“, американска платформа за социјално вмрежување.[1]

1. Р. Синовиц и М. Митевска, „Лажни вести“, Сајтови во Северна Македонија се претставуваат како американски конзервативци во очи на изборите во САД, 2020, достапно на: <https://www.rferl.org/a/macedonia-fake-news-sites-us-election-conservatives/30906884.html>

И нашата земја стана жртва на лажни вести и дезинформации. Пример за ова е Референдумот за промена на името на земјата во 2018 г., кој се спроведе согласно со Преспанскиот договор со Грција, кој имаше за цел да го реши спорот за името на земјата, стар три децении. Пред референдумот, некои извори од Владата, новинарите и независните аналитичари пријавија низа обиди за дезинформации на интернет со цел да се убеди јавноста да го бојкотира референдумот. Опсегот на ваквата кампања со дезинформации, во која беа вклучени и национални и меѓународни чинители, беше показател за тоа колку земјата е ранлива на дезинформации. Ваквата ранливост уште повеќе дојде до израз за време на пандемијата на Ковид-19, бидејќи дезинформациите влијаеја врз перцепцијата на јавноста кон начинот на кој земјата се носеше со здравствената криза и ширеа дезинформации за негативните последици од вакцинацијата. Внатрешните и надворешните политички спорови ја прават земјата дополнително ранлива на дезинформации. Според некои студии, повеќето кампањи со дезинформации имаат за цел да предизвикаат меѓуетнички конфликт, да им наштетат на меѓународните односи на Северна Македонија и да попречат политички процеси, како што се изборите.[2]

Сузбивањето на дезинформациите беше еден од приоритетите на актуелната Влада, предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), која дојде на власт во 2017 г. Во 2019 г., тогашниот премиер Зоран Заев го најави Планот за одлучна акција против ширење дезинформации, во кој меѓу другото има неколку необврзувачки активности наменети за борба со дезинформациите. Планот е поделен на два дела. Во првиот се предвидуваат безбедносни мерки, а во вториот проактивни мерки. Со планот се подвлекуваат стратешките заложби и активната соработка на Владата со ЕУ и НАТО. Во поглед на безбедноста, во планот се предвидени низа внатрешни безбедносни протоколи за Владата и владините органи за да се спречат надворешните напади на ИТ-инфраструктурата и да се подобри внатрешната координација.

Проактивните мерки во планот се насочени кон зголемување на транспарентноста со цел јавноста да има поголема доверба во институциите. Во планот е зацртано формирање оперативна група за борба со дезинформации и напади на демократијата преку спроведување едукативни кампањи и соработка со социјалните медиуми, како и национална стратегија за медиумска писменост во која се вклучени институциите, медиумите и граѓанското општество. Во мерките, исто така, се предвидени дискусии меѓу медиумите (нивните асоцијации) и граѓанскиот сектор со цел да се постигне саморегулирање и корегулирање и да се воспостават стандарди за интернет-порталите, согласно со препораките на Европската комисија и Советот на Европа. [4]

Иако горенаведените мерки се сеопфатни, недостига имплементација. Досега спроведувањето е ограничено на транспарентноста и активностите за медиумска писменост.[5] Дезинформациите се и понатаму крупен проблем за Северна Македонија, а со кампањите за дезинформирање се загрозуваат демократските процеси. Како

2. С. Грин (и други) „Мапирање лажни вести и дезинформации во Западниот Балкан и идентификација на начини со кои ефективно можат да се сузбијат," 2020 г., достапно на <https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2020/653621/EXPO_STU(2020)653621_EN.pdf>

„План за одлучна акција против ширење дезинформации", Влада на Северна Македонија, достапен на:<https://vlada.mk/node/18641?ln=en-gb>

4. Ibid.

5 Интервју со владин функционер, Скопје, октомври 2021 г.

што се зголемува интензитетот и опсегот на кампањите со дезинформации поради пандемијата на Ковид-19, неопходно е Планот за одлучна акција против ширење дезинформации да се прилагоди за да одговори на новите предизвици. Владата треба да започне отворени консултации со релевантните засегнати страни, меѓу кои и медиумските организации и граѓанското општество, со цел да изготви поактуелен и порелевантен план. Конкретно, Собранието треба да преземе активна улога во ревизијата на планот преку консултации и јавни дискусии. Освен тоа, Собранието мора да го зајакне надзорот на актуелниот план, меѓу другото и (отсуството на) спроведувањето.

## (Де)регулација или саморегулација

Дезинформациите се појавуваат и се шират во конкретни регулаторни и институционални средини. За да се адресира овој феномен, потребно е да се детектираат условите во кои дезинформациите најлесно се развиваат. Во земјата во моментов нема закони наменети конкретно за сузбивање дезинформации. Проблемот се решава главно со посредни, меки мерки како акциски планови на Владата, реформи во медиумите и унапредување на медиумската писменост. Собранието речиси и не е вклучено во процесот, а заложбите за справување со дезинформациите остануваат во рацете на Владата, граѓанското општество и меѓународните организации. Од конституирањето на Собранието по парламентарните избори во јули 2020 г., јавните расправи се ретки, а на ниту една не се разговараше за решавање на проблемот со дезинформациите.

Во меѓувреме, онлајн медиумите стекнаа сè позначајна улога во опстанокот на демократиите. Различни општествени групи во голема мерка ги користат социјалните мрежи и интернет-порталите, а преку нив може да шират информации или дезинформации за кратко време и во голем опсег. На овој начин драстично се зголемува заканата од дезинформации. Поради фактот што социјалните мрежи и интернет-порталите се во преден план на онлајн комуникацијата, и поради тоа што дезинформациите се во сè поголем подем, (де)регулацијата или саморегулацијата станаа честа дилема во старите, но и во новите демократии, како нашата.

Иако Собранието мора активно да биде вклучено во сузбивање на дезинформациите, важно е да се одржува (традиционална и општествена) медиумска слобода и да не подлегнеме на искушенијата за „лесните решенија“ што можат да подразбираат ограничување на слободите. Цензурирањето мора да се избегне. Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ) и јавно и во интервјуата со нас изјавија дека претпочитаат саморегулирање наместо регулирање, бидејќи регулирањето може да ги загрози слободата на медиумите, слободата на говорот и текот на информациите.[6] Претставниците од овие организации подвлекоа дека актуелното законодавство за офлајн медиумите може лесно да се примени во онлајн сферата. Прекумерното уредување на медиумите резултира со самоцензура и е закана за слободата на

[6] Интервјуа со претставници на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ), Скопје, октомври 2021 г.
[7] Види: www.promedia.mk

говорот и на информациите. Па затоа, спротивставувањето на дезинформациите, девијациите и злоупотребите, треба да се направи преку употреба на постојното законодавство, обезбедување независен финансиски медиумски пазар и посветеност кон подобрување на дигиталната медиумска писменост (што е исто така дел и од владиниот план за борба со дезинформациите). За подобро сузбивање дезинформации и зајакнување на веродостојноста на медиумите, ЗНМ и СЕММ изработија веб-страница за сузбивање дезинформации и зајакнување на веродостојноста на медиумите на кои се наведени медиуми кои се во согласност со стандардите на добро информирање.[7]

Додека Владата на Северна Македонија ја изрази својата поддршка за заложбите за саморегулација, Собранието не беше вклучено во активностите, јавно не се осврна на заложбите, ниту пак го покрена ова прашање во работните органи или на пленарните седници. Згора на тоа, пратениците не успеаја активно да промовираат алатки за сузбивање дезинформации во самото Собрание или на нивните платформи за комуникација. Затоа, кога размислува за идното законодавство, Собранието треба да организира јавни дискусии во кои се вклучени гледиштата на медиумите, особено кога се работи за аспектите на саморегулација. Неодамнешната Декларација за унапредување на дијалогот меѓу парламентите и здруженијата на новинарите од Западниот Балкан, потпишана на 26 ноември 2021 г. на регионалната конференција за унапредување на дијалогот меѓу парламентите и новинарите од Западниот Балкан, а организирана од ЗНМ во соработка со Собранието на Република Северна Македонија, е чекор во вистинската насока, бидејќи ја потенцира важноста на поддршката на Собранието за независните медиуми, што е предуслов за справување со дезинформациите.[8]

## Пристап со кој се опфаќа општеството во целина (whole-of-society approach)

Собранието има задача да ги употреби своите надлежности и мора да е сè поактивно кога се работи за справување со дезинформациите. Досега овие активности биле предводени од Владата која се насочи кон борбата со дезинформациите и хибридните закани, воопшто. Во октомври 2021 г., Владата ја усвои Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани, по која следеше Акцискиот план за 2021-2025 г. Во Акцискиот план се предвидени активности за надзор на Собранието, и со него се препорачува неформалните парламентарни групи да комуницираат со граѓанското општество. Иако ова е суштински аспект на улогата на Собранието во справување со дезинформациите, ваквите иницијативи мора да ги предводи Собранието за да се обезбеди адекватен систем на меѓусебна контрола.

Со феноменот на дезинформации не може да се справи еден субјект или прашањето да се реши само со еден законодавен предлог. Па така, Собранието мора да е соодветно подготвено за да може да ги поврзе различните аспекти на дезинформациите со конкретни надлежности во рамките на собраниските комисии. Во моментов, различни

8. 'Декларација за унапредување на дијалогот меѓу парламентите и здруженијата на новинарите од Западниот Балкан, Здружение на новинари на Македонија, Скопје, 30 ноември 2021 г., достапна на:<https://znm.org.mk/en/declaration-for-promotion-of-dialogue-between-parliaments-and-journalists-associations-in-the-western-balkans/>

комисии работат на различни аспекти на дезинформациите без да имаат концептуална рамка и референца кон борбата против дезинформациите. Тука спаѓаат Комисијата за образование, наука и спорт, Комисијата за одбрана и безбедност, Комисијата за политички систем и меѓуетнички односи, Комисијата за европски прашања и Комисијата за надворешна политика. Ваквата поставеност и распределба на ингеренции низ повеќе комисии ги отежнуваат тематските размислувања во однос на борбата против дезинформациите, бидејќи ниту една комисија нема јасни надлежности, па со тоа не е ни стимулирана да постапи во однос на феноменот како целина. Во овој контекст, Собранието треба да размисли да воспостави меѓупартиска работна група за дезинформации која ќе има задача да ги координира заложбите на различните комисии. Работната група може и да ги постави темелите за самостојна комисија за сузбивање дезинформации која ќе има водечка улога во развојот и надзорот над новото законодавство. Освен координација и развој, работната група може и да собира влезни информации од надворешни извори (тинк-тенкови, независни агенции итн.).

## Потенцијалот на меѓународната соработка

Меѓународната соработка е важна алатка за Собранието да се позиционира во борбата против дезинформациите. Најпрво, меѓународната соработка може да го надомести недостатокот на капацитет во собранието за да ги информира пратениците за најновите текови во јавните политики насочени кон борба против дезинформациите. Второ, меѓународната соработка може да служи како платформа за социјализација за пратениците да можат да го споделат и поистоветат знаењето со колегите од ЕУ, САД и НАТО. Меѓународната соработка е од суштинско значење за поинформирана и подобрена работа на Собранието на Северна Македонија.

Голем дел од меѓународната активност на Собранието се канализира низ учеството во Интерпарламентарната унија, Парламентарното собрание на НАТО и Парламентарното собрание на Процесот на соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ). Во мај 2019 г. Собранието на Северна Македонија беше домаќин на состанокот на Генералната комисија за правда, внатрешни работи и соработка на ПСЈИЕ. Сесијата заврши со Резолуција за сузбивање дезинформации во Југоисточна Европа, која ги обврза учесниците на ПСЈИЕ да „продолжат со заложбите против дезинформациите како тема која треба постојано да се дискутира и да се одржува на различни нивоа“. Исто така, учесниците беа поттикнати да го препознаат влијанието на дезинформациите, да спроведат проактивни мерки и да обратат особено внимание на „ефективно, јасно законодавство со кое се обезбедува транспарентноста на сопственоста на медиумите, и да осмислат упатства за социјалните медиуми, да го зајакнат капацитетот на јавните комуникатори и да се залагаат за медиумската писменост“.[9]

На Парламентарниот форум за интернет владеење во 2019 г., парламентарците беа поттикнати да соработуваат и да разменуваат најдобри практики со колегите од парламентите за тоа како да се справат со јавните политики поврзани со интернетот. Беше договорено дека повторно треба да се разгледа законодавство со цел да се одговори на предизвиците на дигиталното доба, при што се потенцира колку е важно

да се вклучат недржавните чинители. Улогата на парламентите е да создаваат правни рамки за сегашните и следните генерации корисници на интернет со цел интернетот да биде пристапен, отворен и безбеден за сите. Во овие процеси фокусирани на луѓето, јавната доверба мора да биде водилка за парламентите, и како законодавци, но и во нивната активност на интернет.[10] Ваквите препораки не подразбираат по секоја цена построго регулирање на медиумите, туку позначајна улога на парламентите во новиот, дигитален свет.

Уште еден механизам за меѓународна соработка е Парламентарното собрание на НАТО (ПС на НАТО). За време на 67-мата годишна седница на ПС на НАТО, одржана во октомври 2021 г., ПС на НАТО се залагаше за пристап кон отпорноста со кој се опфаќа општеството во целина, и ги поттикна парламентите „заштитата на демократските вредности и институции, како и изборниот процес да ги интегрираат во основните услови, особено кога се соочени со кибер-напади и дезинформации“.[11] Претходно, Комисијата за демократија и безбедност при ПС на НАТО даде низа препораки за активности на национално ниво, при што повика на зајакнување на внатрешната кохезија; осмислување заеднички, трансатлантски законодавен пристап кон уредување на онлајн содржината за да се спречи ширењето дезинформации и пропаганда; развој на медиумската и дигитална писменост на граѓаните; како и зајакнување на „меѓудемократската и меѓупарламентарната соработка во однос на сузбивањето дезинформации и пропаганда.” [12]

Конечно, Европскиот парламент (ЕП) нуди добра основа за Северна Македонија да може да ги операционализира заложбите за идентификација на заканата од дезинформации на национално и на европско ниво. Во јуни 2020 г., ЕП оформи Специјален комитет за странско мешање во сите демократски процеси во Европската Унија, во што спаѓаат и дезинформациите. Комитетот оттогаш имал неколку расправи на темата дезинформации, при што го има покриено обемниот список последици што дезинформациите ги имаат врз општествениот и политички живот во Европа. [13] Додека ЕП постојано се залага за ЕУ порешително да се зафати со странското мешање и дезинформациите, Собранието на Северна Македонија презема многу малку за да се справи со дезинформациите како еден од суштинските проблеми во процесот на демократизација. Заложбите на ЕП, и покрај тоа што се фокусирани на ЕУ, можат да дадат корисни насоки на земјите кандидатки, како Северна Македонија.

9. ‘Резолуција за сузбивање дезинформации во Југоисточна Европа, ПСЈИЕ, Скопје, 10-11 мај 2019 г., достапна на: <http://rspcsee.org/assets/userfiles/GC%20JHS%202019/Resolution_Skopje_10-11_May_2019.pdf>

10. „Порака од состанокот на парламентарците кои учествуваат на 14-иот Форум за интернет владеење на ОН, Интерпарламентарна унија, достапна на: <https://www.intgovforum.org/multilingual/index.php?q=filedepot_download/7505/1807>

11 „Развој на интегриран и координиран пристап кон отпорноста на сојузничките демократии со кој се опфаќа општеството во целина“, Парламентарно собрание на НАТО, достапно на: <https://www.nato-pa.int/download-file?filename=/sites/default/files/2021-10/2021%20-%20NATO%20PA%20Resolution%20466%20-%20Resilience_0.pdf>

12 „Зајакнување на демократската отпорност на сојузот против дезинформации и пропаганда“, Парламентарно собрание на НАТО, достапно на: <https://www.nato-pa.int/download-file?filename=/sites/default/files/2021-04/013%20CDS%2021%20E%20-%20DEMOCRATIC%20RESILIENCE%20AGAINST%20DISINFORMATION%20AND%20PROPAGANDA%20-%20SANCHEZ_0.pdf>

13. Расправи на Европскиот парламент, в. <https://www.europarl.europa.eu/committees/en/inge/events/events-hearings>

## Што во иднина

Многу работи укажуваат на тоа дека Собранието на Северна Македонија треба поинтензивно да се зафати со сузбивање на дезинформациите. Бидејќи дезинформациите му влијаат на општеството, законодавниот дом ќе треба да одговори на проблемот со помош на својата основна функција на креирање закони, надзор на извршната власт и застапување. Со овој труд се предлагаат пет методи со кои Собранието би можело активно да се справи со дезинформациите.

1. *Да донесува одлуки инклузивно.* Кога се изготвуваат и разгледуваат новите закони поврзани со дезинформациите, Собранието мора постојано да се консултира со релевантните засегнати страни, со истакнати новинари и новинарски здруженија, со граѓанското општество и со стручњаците од образованието. Тука треба да спаѓаат редовни расправи, консултативни сесии и јавни дебати. Проценките на влијанието на регулативата, кои Собранието на Северна Македонија во моментов не ги спроведува, би биле уште еден ефективен механизам. На овој начин Собранието би можело ефективно да ги процени потенцијалните ефекти од законодавството, а истовремено да обезбеди инклузивно учество на релевантните засегнати страни.

2. *Да врши надзор.* Собранието мора да бара отчет од Владата и од релевантните министерства во поглед на нивните заложби да се справат со дезинформациите и хибридните закани. Собранието треба активно да го следи и проценува спроведувањето на Планот за одлучна акција против ширење дезинформации од 2019 г., Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани од 2021 г. и Акцискиот план 2021-2025 г. Надзорот на овие процеси мора да биде фокусиран на учинокот и да вклучи различни засегнати страни што нема да го проценуваат влијанието на таквите стратегии само со едноставно штиклирање на предвидените активности што се спровеле. На тој начин Собранието би требало да ги употреби влезните информации од надворешни чинители за законодавниот дом за подобро да се запознае со дезинформациите, на пример информациите од независната Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или медиумите и граѓанското општество.

3. *Операционализација на дезинформациите како концепт.* Собранието треба да го операционализира концептот на дезинформации со тоа што ќе ги идентификува собраниските комисии со непосредни надлежности за сузбивање дезинформации и релевантното законодавство и институции од извршната власт. Ова меѓу другото може да се постигне и со формирање парламентарна меѓупартиска работна група за дезинформации, која ќе има задача да ги мапира и да ги поддржи релевантните институции, законодавство и надлежни собраниски комисии, како и да размисли за можноста да воспостави посебна комисија фокусирана на дезинформациите. Освен тоа, суштински предуслов за да може да врши надзор е Собранието да ги зајакне капацитетите на парламентарната администрација и сервиси, пред сè на Парламентарниот институт. Овие капацитети се од суштинска важност за пратениците да имаат релевантни и ажурирани информации за најновите појави поврзани со дезинформациите.

4. *Да ја подигне свесноста.* Собранието треба да ја подигне свесноста за штетните последици од дезинформациите преку зголемен индивидуален ангажман на пратениците. Тоа подразбира пратениците да ги објаснат последиците од дезинформациите во средините од каде што се избрани, на пример преку обраќања на собранискиот ТВ-канал. Во овој поглед, пратениците треба да постават добар пример со тоа што ќе бараат заемна отчетност кога во самото Собрание ќе има случаи на ширење дезинформации.

5. *Меѓународна соработка.* Собранието мора да ги употреби меѓународните механизми за соработка, пред сè Интерпарламентарната унија, Парламентарното собрание на НАТО и Парламентарното собрание на Процесот на соработка во Југоисточна Европа, како и соработката со Европскиот парламент. Овие органи се моќни платформи преку кои пратениците можат да се запознаат со најновите пристапи кога се работи за дезинформациите што би можеле да се применат во домашен контекст. Собранието треба да се надоврзе на овие механизми, да ја подобри соработката и да постапи по препораките и заложбите.

Овие препораки имаат за цел да му овозможат на Собранието на Северна Македонија да заземе цврст став во борбата против дезинформациите, да им дозволат на пратениците да ги предводат заложбите против дезинформациите во земјата и да бидат пример за Северна Македонија и пошироко.

## Биографии

***Марко Панковски*** е постар истражувач во Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје. Неговото истражување го опфаќа доброто управување, реформите во јавната администрација, проценката на влијанието на регулативата и странското авторитарно влијание на Западниот Балкан.

***Влора Речица*** е истражувачка и раководителка на Центарот за парламентарна поддршка и демократизација при Институтот за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје. Во истражувањето и застапувањето се фокусира на парламентите и парламентарната демократија, градењето институции, популизмот, мултиетничката политика и процесите на демократизација.

## CESS

The Centre for European Security Studies (CESS) is an independent institute for research and training, based in Groningen, the Netherlands. CESS seeks to advance security, development, democracy and human rights by helping governments and civil society face their respective challenges. CESS is an international, multidisciplinary and inclusive institute. Its work is part of the European quest for stability and prosperity, both within and outside Europe. CESS encourages informed debate, empowers individuals, fosters mutual understanding on matters of governance, and promotes democratic structures and processes.

## DECOS

The DECOS project seeks to empower democratic institutions and civil society actors in their function of oversight of security. It does so by increasing capacities, enhancing cooperation, and fostering a culture of oversight of the security sectors of Albania, Kosovo, and North Macedonia.

In the DECOS project CESS works with:

- The Albanian Institute for Political Studies

- The Institute for Democracy and Mediation, Albania

- The Kosovar Institute for Policy Research and Development

- The Institute for Democracy 'Societas Civilis', North Macedonia

DECOS is funded by the Ministry of Foreign Affairs of the Netherlands.

The views expressed by the authors do not necessarily reflect the opinion of CESS.
If you have any comments on this document or any other suggestions, please email us at info@cess.org
© CESS 2022. Edited by CESS. Lutkenieuwstraat 31a, 9712 AW Groningen, The Netherlands.